# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПОТРЕБА НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.187 од 30.12.2013 година**

**Член 1**

Во Законот за употреба на македонскиот јазик („Службен весник на Република Македонија" број 5/98, 89/2008 и 116/10), во членот 7 ставот (2) се менува и гласи:

„Лекторирање може да врши лице со положен испит за лектор, односно со добиена лекторска лиценца во согласност со овој закон. Лекторска лиценца дава Министерството за култура по положен испит во согласност со овој закон."

Ставот (3) се брише.

Ставовите (4) и (5) станувааат ставови (3) и (4).

**Член 2**

Членот 10 се менува и гласи:

"(1) Испитот за добивање на лекторска лиценца (во натамошниот текст: испитот) се полага заради проверка на потребното стручно знаење за вршење на лекторирање.

(2) Испитот може да го полага лице кое има високо образование (диплома за завршено четиригодишно високо образование или диплома со 300 кредити според европскиот кредит трансфер систем - ЕКТС) на студиските програми - македонски јазик или македонски јазик и литература, со прв главен предмет македонски јазик."

**Член 3**

По членот се додаваат 23 нови члена 10-а,10-б, 10-в,10-г, 10-д,10-ѓ, 10-е,10-ж, 10-з,10-ѕ, 10-и,10-ј, 10-к,10-л, 10-љ,10-м, 10-н,10-њ, 10-о,10-п, 10-р,10-с и 10-т, кои гласат:

**„Член 10-а**

(1) Испитот се состои од два дела, и тоа:

- прв дел (теориски дел), со кој се проверува теориското знаење на кандидатите и
- втор дел (практичен пример), со кој се проверува практичната способност на кандидатите.

(2) Првиот дел од испитот се полага писмено по електронски пат со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер.

(3) Прашањата од првиот дел на испитот се од обласста на фонологијата, морфологијата, лексикологијата, синтаксата и стилистиката на македонскиот јазик.

(4) Вториот дел од испитот се состои од:

- практичен пример кој содржи конкретен јазичен материјал, кој опфаќа пократки или подолги изводи од текстови (или целосни текстови), со различна тематика и од различни функционални стилови, како и одделни изрази и реченици, наменски приспособени за целта на испитот, во кои се содржани разни неправилности во однос на правописот, употребата на зборoформите и на лексиката, синтаксата, стилот и други отстапувања од стандарднојазичната норма и
- одговори на прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер кои кандидатот треба да ги одговори врз основа на анализата на практичниот пример.

**Член 10-б**

(1) Испитот се полага според програма во која се содржани градивото и литературата.
(2) Програмата од ставот (1) на овој член ја донесува министерот за култура.

**Член 10-в**

(1) Базите на прашања за првиот дел и базите на практични примери за вториот дел на испитот ги изготвуваат научни работници со звање доктор на науки од областа на македонскиот јазик, определени од министерот за култура.
(2) Прашањата од првиот дел од испитот и прашањата и практичните примери од вториот дел од испитот ги верификува комисија определена од министерот за култура составена од:
- двајца претставници од Министерството за култура и
- пет претставници од редот на научни работници со звање доктор на науки од областа на македонскиот јазик, по предлог на Советот за македонски јазик.
(3) Комисијата од ставот (2) на овој член врши и ревизија и ажурирање на базите на прашања и базите на практичните примери за испитот најмалку еднаш годишно.
(4) При ревизијата комисијата особено ги има предвид измените на практиката и стандардите на кои е засновано прашањето, односно практичниот пример, бројот на кандидати кои го одговарале, успешноста во одговарањето на истите, како и други критериуми кои можат да влијаат врз подобрувањето на квалитетот на базите од ставот (1) на овој член.
(5) Врз основа на извршената ревизија и ажурирање на базите на прашања и базите на практични примери, комисијата одлучува прашањата и практичните примери да бидат изменети или целосно отстранети од базите од ставот (1) на овој член.
(6) Научните работници од ставот (1) на овој член и членовите на комисијата за верификација од ставот (2) на овој член имаат право на паричен надоместок што го определелува министерот за култура.
(7) Износот на паричниот надоместок од ставот (6) на овој член се определува врз основа на бројот на изготвени прашања и практични примери, како и сложеноста на материјата.
(8) Годишниот паричен надоместок од ставот (6) на овој член не го надминува нивото на три просечни исплатени плати во Република Македонија во претходната година објавени од Државниот завод за статистика на Република Македонија.

**Член 10-г**

Стручните и административните работи за потребите на спроведување на испитот ги врши Министерството за култура, а испитот технички го спроведува правно лице регистрирано во Централниот регистар на Република Македонија избрано од Министерството за култура.

**Член 10-д**

Испитот се спроведува четири пати годишно и тоа во февруари, јуни, септември и декември.

**Член 10-ѓ**

(1) Барањето за полагање на испит кандидатот го поднесува до Министерството за култура.
(2) Со барањето за полагање на испитот кандидатот е должен да поднесе доказ за исполнување на условот за полагање на испитот од членот 10 став (2) од овој закон.

**Член 10-е**

(1) Министерот за култура, или од него овластено лице, со решение утврдува дали кандидатот го исполнува условот за полагање на испитот.
(2) Против решението со кое е одбиено барањето за полагање на испитот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.
(3) На кандидатот на кој му е одобрено барањето за полагање на испитот му се определува времето и местото за полагање на испитот, а кандидатот се известува најдоцна во рок од осум дена пред полагањето на испитот.
(4) На кандидатот му се овозможува да започне да го полага испитот во првиот нареден термин од денот на одобреното барање за полагање на испитот.
(5) Кандидатот е должен да го пријави полагањето на испитот од првиот до 15 ден од месецот, кој претходи на месецот во кој се одржува испитот.

**Член 10-ж**

(1) Испитот се полага во просторија за полагање на испит, посебно опремена за полагање на испит со материјално-техничка и информатичка опрема, интернет врска и опрема за снимање на полагањето.
(2) Полагањето на испитот се снима и во живо се емитува на веб страницата на Министерството за култура, а ако поради технички причини снимањето се прекине, снимката од целиот испит се поставува на веб страницата на Министерството за култура.
(3) Просторните услови за материјално-техничката и информатичката опременост на просториите за полагање на испитот ги пропишува министерот за култура.
(4) Во просторијата за полагање на испитот за време на полагање на испитот е присутен претставник од Министерството за култура и од Министерството за информатичко општество и администрација (информатичар).

**Член 10-з**

(1) Пред почетокот на полагањето на испитот претставникот од Министерството за култура го утврдува идентитетот на кандидатот со увид во лична карта и води записник за полагањето на испитот.
(2) На кандидатот за време на полагањето на првиот дел од испитот не му се дозволува користење на стручна литература, мобилен телефон, преносни компјутерски уреди и други технички и информатички средства и слично.
(3) На кандидатот за време на полагањето на вториот дел од испитот му се дозволува користење единствено на стручна литература која во електронска верзија се наоѓа на компјутерот на кој кандидатот го полага испитот.
(4) На кандидатот за време на полагањето на првиот и вториот дел од испитот не му се дозволува да контактира со други кандидати или лица, освен со информатичарот од членот 10-ж став (4) од овој закон во случај доколку има технички проблем со компјутерот.
(5) Ако техничките проблеми со компјутерот ќе бидат отстранети за пет минути испитот продолжува, а дококу не бидат отстранети во овој рок испитот само за тој кандидат се прекинува и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето на испитот.
(6) Ако има проблеми со повеќе од пет компјутери и ако тие не бидат отстранети во рок од пет минути испитот се прекинува за сите кандидати кои го полагаат испитот и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето на испитот.
(7) Доколку кандидатот при полагањето на првиот и вториот дел од испитот постапува спротивно од ставовите (2), (3) и (4) на овој член нема да му се дозволи натамошно полагање на испитот во тој утврден термин.

(8) Во случаите од ставот (7) на овој член се смета дека кандидатот не го положил испитот и истото се констатира во записникот за полагање на испитот.
(9) Претставниците од членот 10-ж став (4) од овој закон за време на полагањето на испитот не смеат да се задржуваат подолго од пет секунди во непосредна близина на кандидатот кој го полага испитот, освен во случај на отстранување на технички проблем кога не смеат да се задржат подолго од пет минути.

**Член 10-ѕ**

(1) Ако во текот на полагањето на испитот настанат оправдани причини поради кои кандидатот не може да го продолжи полагањето на испитот (болест, породилно отсуство и слично), ќе се прекине испитот за определено време, кое не може да биде подолго од шест месеци.
(2) Решение за продолжување на испитот донесува министерот за култура по молба на кандидатот. Молбата се поднесува во рок од осум дена од престанокот на причините за одлагање на испитот, но најдоцна во рок од шест месеци.
(3) Ако кандидатот не поднесе молба за продолжување на испитот во рокот определен во ставот (2) на овој член ќе се смета дека испитот не го положил.
(4) Против решението на министерот за култура од ставот (2) на овој член кандидатот може да поведе управен спор пред надлежниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.
(5) Во продолжувањето на полагање на испитот кандидатот не го полага делот од испитот што претходно веќе го има положено.

**Член 10-и**

(1) Испитот започнува со полагање на првиот дел (теориски дел), а потоа на вториот дел (практичен пример).
(2) Вториот дел се полага во рок од најмалку 15 дена по успешното полагање на првиот дел.
(3) Начинот на бодирање на првиот и вториот дел од испитот ги пропишува министерот за култура.

**Член 10-ј**

(1) Првиот дел од испитот содржи најмалку 50 прашања со пет можни одговори за заокружување од кои еден е точен, два се слични, еден не е точен во мал обем (на него се губат мал број поени) и еден не е точен во голем обем (на него се губат поголем број поени).
(2) Услов за полагање на вториот дел од испитот е кандитатот да го положи првиот дел од испитот.
(3) Доколку кандидатот не го положил првиот дел од испитот согласно со ставот (2) на овој член ќе се смета дека испитот не го положил.
(4) Вториот дел од испитот се состои од практичен пример.
(5) Прашањата кои се составен дел од практичниот пример имаат пет можни одговори од кои еден е точен, три се слични и еден е различен.
(6) Доколку кандидатот не го положил вториот дел од испитот ќе се смета дека испитот не го положил.

**Член 10-к**

(1) Полагањето на првиот дел од испитот се врши со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер.
(2) Прашањата од тестот, зависно од тежината, се вреднуваат со поени определени во тестот.
(3) Полагањето на вториот дел од испитот се врши со проучување на практичниот

пример и одговарање на определен број прашања кои произлегуваат од практичниот пример во вид на електронско софтверско решение (во натамошниот текст: практичен пример).

(4) Прашањата од практичниот пример, зависно од тежината, се вреднуваат со поени определени во практичниот пример.

(5) Прашањата содржани во тестовите за полагање на првиот дел на испитот и нивните одговори, како и практичниот пример и прашањата кои произлегуваат од практичните примери и нивните одговори се чуваат во единствениот електронски систем за полагање на испитот кој го воспоставува Министерството за култура.

(6) Електронскиот систем од ставот (5) на овој член содржи и јавно достапна база од најмалку 30 прашања за првиот дел од испитот, како и јавно достапна база од најмалку 50 практични примери за вториот дел од испитот.

(7) Во електронскиот систем од ставот (5) на овој член е содржано посочување на стручната литература од која произлегуваат одговорите на прашањата од испитот.

(8) Бројот на прашањата и практичните примери во базите од ставот (6) на овој член се зголемува за 10% годишно, почнувајќи од 2015 година.

(9) Резултатите од полагањето на првиот и вториот дел од испитот му се достапни на кандидатот на компјутерот на кој го полагал испитот веднаш по неговото завршување.

### Член 10-л

(1) На денот на полагањето на првиот, односно вториот дел од испитот претставник на Министерството за култура му дава на кандидатот пристапен код, односно лозинка со кој му се одобрува пристап во електронскиот систем од членот 10-к од овој закон.

(2) По одобрувањето на пристапот кандидатот добива електронски тест за првиот дел од испитот, односно електронски практичен пример за вториот дел од испитот, компјутерски генерирани, чија содржина по случаен избор ја одредува софтверот на електронскиот систем од членот 10-к од овој закон.

(3) Првиот и вториот дел од испитот содржат упатство за начинот на решавање на истиот за кое претставник на Министерството за култура дава појаснување пред да започне полагањето на испитот.

(4) Електронскиот систем од членот 10-к став (5) од овој закон не може да дозволи постоење на идентична содржина на електронски тест за првиот дел од испитот, односно електронски практичен пример за вториот дел од испитот во еден термин за повеќе од еден кандидат.

### Член 10-љ

(1) Во случај на спреченост на спроведување на првиот или вториот дел од испитот поради причини што доведуваат до техничка неможност на функционирање на електронскиот систем од членот 10-к став (5) од овој закон, полагањето на испитот се прекинува.

(2) Доколку причините од ставот (1) на овој член ќе се отстранат во рок од 60 минути од прекинувањето на испитот истиот продолжува веднаш по нивното отстранување.

(3) Доколку причините од ставот (1) на овој член не се отстранат во рокот од ставот (2) на овој член испитот се презакажува за друг термин.

### Член 10-м

(1) Вкупното траење на времето определено за одговарање на прашањата од првиот дел од тестот за полагање на испитот изнесува 120 минути.

(2) Се смета дека испитот го положил оној кандидат кој со точни одговори на

прашањата од тестот постигнал најмалку 70% од вкупниот број предвидени позитивни поени.
(3) Вкупното траење на времето определено за одговарање на прашањата од практичниот пример од вториот дел изнесува 120 минути.
(4) Се смета дека испитот го положил оној кандидат кој со точни одговори на прашањата од практичниот пример постигнал најмалку 70% од вкупниот број предвидени позитивни поени.

**Член 10- н**

(1) На кандидатите кои го положиле испитот им се издава лекторска лиценца во рок од 15 дена од денот на завршувањето на испитот.
(2) Формата и содржината на лекторската лиценцата од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за култура.

**Член 10-њ**

На барање на кандидатот Министерството за култура го информира за направените грешки во тестот за полагање на испитот со овозможување непосреден увид во тестот.

**Член 10-о**

(1) Тестовите и практичните примери се користат и се даваат на кандидатот само за време на полагањето на испитот.
(2) Материјалите од одржаните испити, особено хартиените верзии од тестовите и практичните примери за полагање на испитот и специмените за проверка на точноста на одговорите на тестот и практичниот пример, како и снимките од одржаните испити се чуваат во Министерството за култура.
(3) Министерството за култура формира комисија за ревизија на одржаните испити, која во својата работа ги користи материјалите од ставот (2) на овој член и во која, покрај претставник од Министерството за култура членуваат и претставник од Советот и информатичар од Министерството за информатичко општество и администрација.
(4) Комисијата од ставот (3) на овој член се состанува најмалку еднаш годишно и врши ревизија на начинот на спроведување на најмалку два испити одржани во тековната година.
(5) Комисијата од ставот (3) на овој член има право да изврши ревизија и на начинот на спроведување на испитите одржани во последните шест месеци до денот на одржувањето на состанокот на комисијата, но не порано од денот на примената на овој закон.
(6) Доколку комисијата од ставот (3) на овој член утврди нерегуларности во спроведувањето на испитот од страна на поединци во смисла на членот 10-з став (5) од овој закон, предлага одземање на лекторската лиценца од членот 10-н став (1) од овој закон.
(7) Министерот за култура донесува решение за одземање на лекторската лиценца врз основа на предлогот на комисијата од ставот (3) на овој член во рок од три дена од приемот на предлогот.
(8) Против решението од ставот (7) на овој член може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од приемот на решението.

**Член 10-п**

(1) Трошоците за полагање на испитот ги сноси кандидатот.
(2) Трошоците од ставот (1) на овој член ги определува министерот за култура врз основа на реално направените трошоци за полагање на испитот, неопходни за

спроведување на првиот и вториот дел на испитот, подготовката на базите на прашања, спроведувањето на електронскиот тест, изготвување на материјалите и поканите и изготвување на лиценците.
(3) Трошоците за полагање на испитот се уплатуваат на сметката на Министерството за култура.
(4) Ако трошоците не се уплатени на соодветна сметка на Министерството за култура, најдоцна 15 дена пред денот определен за спроведување на испитот на кандидатот не му се дозволува полагање на испитот.
(5) Ако кандидатот во рок од една година од денот на уплатата на средствата не го полага испитот уплатените средства се враќаат согласно со закон.

**Член 10-р**

(1) Издадената лекторска лиценца се заменува со нова кога:
- има промена на личните податоци на нејзиниот носител,
- поради дотраеност или оштетување стане неупотреблива и
- е изгубена или на друг начин нејзиниот носител останал без неа.
(2) Во случаите од ставот (1) алинеи 1 и 2 на овој член претходно издадената лекторска лиценца се доставува веднаш до Министерството за култура заради нејзино поништување.
(3) Поништувањето на лекторската лиценца се врши од трочлена комисија определена од редот на вработените во Министерството за култура.
(4) Изгубената, односно исчезнатата лекторска лиценца носителот ја пријавува во Министерството за култура.

**Член 10-с**

(1) Издадените, одземените и продолжените лекторски лиценци, како и лекторските лиценци кои престанале да важат, се евидентираат во регистарот кој го води Министерството за култура.
(2) Регистарот од ставот (1) на овој член се објавува на веб страницата на Министерството за култура.
(3) Формата и содржината на регистарот од ставот (1) на овој член и начинот на неговото водење ги пропишува министерот за култура.

**Член 10-т**

(1) Министерот за култура по предлог на Советот со решение ќе ја одземе лекторската лиценца, ако носителот на лиценцата лекторира спротивно на пропишнаните стандарди за лекторирање.
(2) Против решението од ставот (1) на овој член може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението."

**Член 4**

Членот 11 се менува и гласи:
"(1) Стручните и административните работи за Советот ги врши Министерството за култура.
(2) Средствата за работа на Советот се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.
(3) На членовите на Советот им следува соодветен надоместок што го утврдува Владата на Република Македонија."

**Член 5**

Поднасловот пред членот 13-а се брише, а членот 13-а се менува и гласи:
"(1) Глоба во износ од 5.000 до 6.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот од членот 10-г од овој закон доколку не го снима, не го емитува во живо на веб страницата

на Министерството за култура и доколку не ја постави снимката од целиот испит на веб страницата на Министерството за култура согласно со членот 10-ж став (2) од овој закон.
(2) Глоба во износ од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе им се изрече на претставниците од членот 10-ж став (4) од овој закон, доколку постапат спротивно на членот 10-з став (9) од овој закон.
(3) Глоба во износ од 5.000 до 6.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластеното правно лице од членот 10-г од овој закон кое го спроведува испитот, доколку не го прекине испитот согласно со членот 10-з ставови (5) и (6) од овој закон.
(4 ) Глоба во износ од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на министерот за култура ако не го донесе решението во рокот утврден во членот 10-о став (7) од овој закон."

**Член 6**

Поднасловот пред членот 13-б и членот 13-б се менуваат и гласат: „Надлежност на судот

**Член 13-б**

За прекршокот од членовите 13 и 13-а од овој закон, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежниот суд."

**Член 7**

Подзаконските акти од членовите 10-б став (2), 10-ж став (4), 10-и став (3), 10-н став (2) и 10-с став (3) од овој закон ќе се донесат во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 8**

Лицата кои положиле испит за лектор согласно со одредбите од Законот за употреба на македонскиот јазик („Службен весник на Република Македонија" број 5/98, 89/2008 и 116/10), положениот испит за лектор им се признава и се запишуваат во регистарот од членот 10-с став (1) од овој закон.

**Член 9**

Постапките за полагање на испит за лектор започнати до денот на започнувањето на примената на овој закон ќе се завршат согласно со одредбите од прописот по кој започнале.

**Член 10**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.